Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јуни 2020 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

## Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за облигационите односи за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 89/20),во член 2 во ставот (3) зборовите „ставовите (1) и (2)„ се заменуваат со зборовите „ставот (1)“.

## Член 2

Одредбите од оваа уредба со законска сила ќе се применуваат за време на траењето на вонредната состојба како и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 30.6.2020 година.

## Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-5479/1**
**12 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**